Групацијата на агенции за недвижности

Агенциите се залагаат за ред во прометот со недвижности преку законска регулатива

На барање на повеќе членови на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, на 28.3.2012 година се одржа состанок на кој се расправаше за актуелните состојби на пазарот на недвижности.

Во обемната расправа беше потенцирано дека има потреба од постоење и работење на Групацијата на агенции за недвижности и како прв приоритет треба да биде, со заеднички ангажман на сите агенции, анимирање и екипирање на членството во Групацијата.

Исто така, беа истакнати повеќе проблеми во работењето на агенциите, а посебно нелојалната конкуренција која е се почеста појава на пазарот со недвижности. За таа цел се повтори поново заложбата за донесување на закон за промет со недвижности.

Стопанската комора на Македонија ја поддржува оваа иницитива и има доставено барање и до Владата на РМ за потребата од донесување на вакво законско решение. Во оваа насока беше договорено уште еднаш да се разгледа работниот текст на Законот за посредување во прометот со недвижности, што беше изготвен од страна на работната група и истиот да се достави до надлежните институции.

Работењето на Групацијата треба да биде насочено и кон воспоставување на контакти со асоцијации од други земји, размена на искуства, зачленување во европски асоцијации, а пред се’, и организирање на едукативни семинари за агенциите.

Во врска со Етичкиот кодекс на посредниците со промет на недвижности, што беше потпишан во 2006 година, се иницираше негово обновување и вклучување на нови агенции кои ќе го потпишат и кои ќе го почитуваат, со што ќе се зајакне угледот на посредничката дејност на пазарот за недвижности.

На крајот се заклучи, да се закаже нов состанок за 10 април 2012 година во поширок состав, преку заедничко анимирање на членството, со единствен дневен ред, избор на членови на Управен одбор и претседател на Групацијата на агенции за недвижности.